# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

## Издавање на биометриски пасоши, Мобилни станици, информација

Министерството за надворешни работи како носител и координатор на активностите поврзани со реализацијата на Акциониот план на Владата на Република Македонија за периодот 01 март – 31 јули 2010 година за прием на барања за биметриски пасоши преку дипломатско – конзуларните претставништва на Република Македонија ги презема сите активности за упатување на мобилни екипи од МНР кои ќе го реализираат Планот.

Во таа смисла, државјаните на Република Македонија кои повеќе од 6 месеци непрекинато престојуваат во странство и кои до 1 март 2010 година во дипломатско – конзуларните преставништва го најавија својот интерес за поднесување на барање за издавање на биометриски пасош, ќе можат доколку од страна на Министерството за внатрешни работи биде утврдено дека не постојат законски пречки за поднесување на барањето, лично да аплицираат во горенаведените ДКП-а во определени термини.

Сите македонски државјани кои во утврдените рокови навремено не се пријавиле во ДКП на РМ во странство за издавање на биометриски пасоши ќе можат да аплицираат за истите во наредниот период кога тимовите на мобилните станици ќе примаат лични апликации за издавање на пасоши.

Информираме дека поединечно по видови на барања за издавање на пасоши, односно причина за барањето, македонските државјани при поднесувањето на формалното барање за издавање на биометриски пасоши, потребно е да ги приложат следните документи:

**А) издавање на нов пасош (прво издавање)**

- уверение за државјанство на РМ
- извод од матична книга на родените
- документ за идентификација издаден од надлежен орган во РМ или земјата на приемот
- валидна дозвола за престој во земјата на приемот (само за лица кои го немаат регулирано државјанскиот статус во земјата на приемот)

**Б) редовна замена на пасош поради изминат рок**

- стариот пасош со изминат рок
- валидна дозвола за престој во земјата на приемот (само за лица кој го немаат регулирано државјанскиот статус во земјата на приемот)

**В) дупликат на пасош (погади губење, кражба или исчезнување)**

- уверение за државјанство на РМ
- валидна дозвола за престој во земјата на приемот (само за лица кој го немаат регулирано државјанскиот статус во земјата на приемот)
- извод од матична книга на родени
- документ за идентификација издаден од земјата на приемот или од РМ (лична карта и др.)

- потврда од полиција (преведена на македонски јазик) дека е пријавен пасошот за украден, изгубен или исчезнат
- лична изјава потпишана од странката дека пасошот е изгубен украден или исчезнат
- објавување на изгубениот, украдениот или исчезнатиот пасош во службен весник на РМ (може лично да се објави или од страна на роднини во градот на подрачната единица на МВР каде што е издаден пасошот)

**Г) предвремена замена**
**(поради оштетеност, пополнетост, промена на лични податоци и др)**
- приложување на оргинал пасошот во ДКП на РМ
- валидна дозвола за престој во земјата на приемот (само за лица кој го немаат регулирано државјанскиот статус во земјата на приемот)
- стариот валиден пасош се одзема и се доставува на проеверка во МВР
- доколку се бара издавање на нов биометриски пасош а стариот валиден пасош е со важност над 1 година во моментот на поднесување на барањето, стариот важечки пасош се одзема и се доставува на проверка во МВР
- доколку се бара издавање на нов пасош со промена на лични податоци, по барањето не се постапува доколку од страна на подносителот на издавањето на пасошот не се извршени промените на личните податоци во МВР на РМ и не се внесени во системот на Мобилата станица.

**Информација во врска со поднесување на барања за издавање на пасоши на малолетни лица (деца со возраст до 18 години)**

Во врска со поднесувањето на барањата за издавање на биометриски пасоши за малолетни лица, информираме дека барателите за издавање на биометриски пасоши за малолетни лица (деца до навршена возраст до 18 години), при поднесување на барањето неопходно е лично да присуствуваат и двата родитела. Доколку еден од родителите е спречен лично да присуствува, потребно е претходно да приложи полномошно заверено во ДКП на РМ во странство (или во Р. Македонија –доколку родителот се наоѓа во Република Македонија) со кое едниот родител го овластува другиот родител и е согласен да може и во негово име да поднесе барање за издавање на пасош за малолетно дете во ДКП.

Доколку се работи за поднесување на барање за издавање на пасош за деца од разведени родители потребно е родителот кој е единствен старател на детето да приложи решение од месно надлежен суд дека е прогласен за единствен старател на детето. Доколку бракот е склучен во странство и разводот е извршен во странство, пресудата треба претходно да биде преведена на македонски јазик и верифицирана од надлежен орган во Р.Македонија.

Доколку се работи за поднесување на барање за малолетно дете за кое во изводот од матична книга на родени во графата не е наведен еден од родителите (таткото) потребно е при поднесувањето на барањето за издавање на пасош да се приложи само ИМКР за детето. **Потенцираме дека при поднесувањето на барањето за издавање на пасош за малолетни лица странките, во сите случаи, треба да достават извод од матична книга на родените на детето преку кој ќе се потврди и законскиот идентитет на двата родитела.**

Пожелно е претходно од страна на барателите за издавање на пасоши целокупната потребна документација во однос на управната постапка да биде доставена до ДКП на РМ во странство по факс или скенирана по меил.

**Работното време на тимот на „Мобилната станица ќе биде од 09.00 до 17.00 ч. од понеделник до петок.**